РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4567/4
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-4567/1 од 21.09.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконитости при организирање на ученички екскурзии, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што постапиле и преземале мерки други надлежни државни органи.

Предметот со број 12-4567/1 од 21.09.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 19.10.2022 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконитости при организирање на ученички екскурзии и оформен е предмет број 12-4567/1 од 21.09.2023 година.

Во пријавата се укажува за незаконитости при изведување на ученички екскурзии спротивно на член 113 став 1 од Законот за основното образование и на правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта организирани од -----------------, директор на ООУ -----------------------------------, а се во врска со организирање на еднодневна екскурзија – посета на музички фестивал „Златно славејче" за ученици од 1-5 одделение. Согласно наводите од пријавата, договорот со агенцијата кога била ангажирана за реализација на екскурзијата бил склучен без соодветна постапка, а истата агенција била ангажирана и за други настани. Во пријавата се наведува дека со горенаведеното постапување директорот како одговорно лице ги пречекорил своите службени овластувања и нанел штета на училиштето.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од Државниот просветен инспекторат да изврши инспекциски надзор во однос на наводите од пријавата за законитоста на организирање на посочените активности во училиштето.

Од страна на Државниот просветен инспекторат е доставено известување за извршен инспекциски надзор со прилог записник и други акти кои произлегле од извршениот надзор. Согласно доставената документација, инспекцискиот надзор бил извршен на 01.11.2023 година по барање на Основното јавно

обвинителство --------- и согласно насоките во барањето од ОЈО, надзорот бил извршен во координација и во присуство на инспектор од ОВР --------- - НККР -----------.

При надзорот констатирани се неправилности во однос на организација на вонучилишни активности – екскурзии, излети и настава во природа од годишната програма за работа на училиштето. Имено, во записникот е констатирано дека се утврдени пропусти во однос на член 6 став 3 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, во смисла дека директорот на училиштето не именувал раководител на екскурзијата, излетот и другите вонучилишни активности од редот на наставниците кои реализираат настава во одделенијата со кои се изведува екскурзијата и другата вонучилишна активност. Исто така, констатирани се пропусти во однос на член 28 став 1 и 2 од Правилникот, односно стручните тимови за реализираните еднодневни излети со учениците од прво до петто одделение и со учениците од шесто до деветто одделение не доставиле извештаи за реализираната активност во рок од седум дена непосредно по реализирањето. Доставените извештаи не се разгледани од страна на Наставничкиот совет и Советот на родители, односно не била доставена доказна документација за време на надзорот. Воедно, во однос на организирање на еднодневна екскурзија, посета на музички фестивал Златно славејче и Зоолошка градина Скопје, констатирано е дека целокупната постапка не е спроведена согласно со Законот за основното образование (член 42 став 2) и согласно горенаведениот правилник.

За констатациите од извршениот надзор биле известени ОЈО ----------- и Градоначалникот на Општина -----------, а видно од доставениот записник на директорот на училиштето му се укажува согласно член 28 став 3 од Законот за просветната инспекција, известен е училишниот одбор при училиштето, а записникот бил доставен до училиштето, ОЈО ----------- и ОВР – НККР ----------.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапил и преземал мерки надлежен орган за што е известено и надлежно јавно обвинителство кое води тековна постапка, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска